# Известување за раскинување договор

Операторот на пазар на електрична енергија на 27.02.2014 година склучи Договор за условите и начинот на учество на пазарот на електрична енергија со арх. бр 02-1611 и Договор за балансно одговорна страна со арх. бр. 02-1985 од 13.03.2014, со Друштво за производство, трговија и услуги ЊУ РОУДС ДООЕЛ СКОПЈЕ (поранешен назив: Друштво за производство, трговија и услуги ЕФТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ).

На ден 11.03.2016 година до АД МЕПСО пристигна допис со арх. бр. 11-1721 во кое е наведено дека Друштво за производство, трговија и услуги ЊУ РОУДС ДООЕЛ СКОПЈЕ го известува ОПЕЕ за престанок на Лиценцата за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија. Учесникот на пазар на електрична енергија е БОС но нема други учесници во неговата балансна група и поради тоа, ОПЕЕ согласно член 28 и 47 од Правилата за пазар на електрична енергија донесе одлука за раскинува на Договорот за условите и начинот на учество на пазарот на електрична енергија и Договорот за балансно одговорна страна склучен со АД МЕПСО - ПОДРУЖНИЦА ОПЕЕ. Истите престануваат да важат на 16.03.2016 година во 24:00 часот.